***З А П И С Н И К***
***од првата (конститутивна) седница на новоизбраниот***
***Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 05.11.2025 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Богдан Стојановски, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Илче Ангелевски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска и Гоце Јончевски. На седницата присуствуваше и Градоначалникот на Општина Демир Хисар, Никола Најдовски. Од општинската администрација присутна беше Александра Трајковска. Присутни беа директорите и раководните лица на локалните инстутици на општина Демир Хисар како и подрачните служби.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Седницата ја отвори Претседателот на предходниот состав на Совет Љупчо Најдовски, исто така како највозрасен член на новоизбраниот состав на советот продолжи да ја води седницата на Советот.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Избор на Верификациона комисија во состав од претседател и двајца членови.

2.Донесување на Решение за верификација на мандатите на новоизбраните советници на општина Демир Хисар со мандат 2025-2029 година.

3.Избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав претседател и четворица членови.

4.Донесување Решение за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар.

5.Донесување на Решение за избор на Комисија за мандатни прашања, избор и именување во состав од претседател и четворица членови.

6. Донесување на Решение за овластување на членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови.

7.Предлози и прашања.

Претседавачот Љупчо Најдовски ги поздрави присутните, а потоа премина на расправа по точките од Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Избор на Верификациона комисија***

Согласно Деловникот за работа за претседател на Верификационата комисија беше предложена Валентина Ѓорѓиовска, а за членови во комисијата беа предложени Гоце Јончевски и Ивана Димчевска-Гикоска. Други предлози немаше.

Претседавачот Љупчо Најдовски даде пауза додека избраната Верификациона комисија се повлече и врз основа на известувањето доставено од страна на Општинската изборна комисија Демир Хисар, Уверенијата доставени од страна на советниците и документите за идентификација, да изготви

извештај со предлог за верификација на мандатите на новоизбраните советници и да го достави до Советот на Општина Демир Хисар.

***ТОЧКА 2. Решение за верификација на мандатите на новоизбраните советници на општина Демир Хисар со мандат 2025-2029 година***

Откако Верификационата комисија ги разгледа материјалите и изготви извештај се продолжи со работата на Советот и најпрво збор зеде Претседателот на Верификационата комисија Валентина Ѓорѓиовска за да го презентира извештајот. Верификационата комисија ги разгледа материјалите и изготви извештај со предлог за верификација на мандатите на присутните единаесет членови на новоизбраните советници и тоа Никола Дранговски, Маја Велеска, Богдан Стојановски, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Илче Ангелевски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска и Гоце Јончевски. Претседавачот на Советот Љупчо Најдовски праша дали некој од присутните има забелешка, бидејќи немаше забелешки Претседавачот Љупчо Најдовски констатира предлогот за верификација на мандатите едногласно е усвоен. Потоа продолжи согласно член 38 од Законот за локална самоуправа новоизбраните членови на Советот даваат свечена изјава- Заклетва. Ги замоли присутните да станат и сите заедно да ја прочитаат свечената заклетва, а потоа да ја потпишат. Со желби за успешна работа и соработка во мандатот на овој состав на советници претседавачот Љупчо Најдовски ја честиташе верификацијата на мандатите на советниците.

***ТОЧКА 3. Избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав претседател и четворица членови***

За претседател на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар советничката Клара Кузмановска ја предложи советничката Маја Велеска. Забелешки немаше со 11 „за“ беше прифатен предлогот. Советникот Илче Ангелевски за членови ги предложи советничките Клара Кузмановска и Марија Христовска. Забелешки немаше со 11 „за“ беше прифатен предлогот. Советникот Гоце Јончевски за член ја предложи советничката Марија Ѓоргиовска. Забелешки немаше со 11 „за“ беше прифатен предлогот. Советникот Љупчо Најдовски за член на комисијата го предложи Никола Дранговски. Забелешки немаше.

Кандидационата комисија се повлече со цел да утврди кандидат за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар.

***ТОЧКА 4. Решение за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар***

Претседателот на Кандидационата комисија Маја Велеска истакна комисијата има еден предлог за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар и тоа Никола Дранговски

Претседавачот Љупчо Најдовски предлогот го стави на гласање

За предлогот советникот Никола Дранговски да биде избран за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар гласаа 8 „за” 3 „воздржани” против немаше.

Претседавачот констатира за Претседател на Советот на Општина Демир Хисар е избран советникот Никола Дранговски.

Претседателот на Советот Никола Дранговски се заблагодари за довербата која му е дадена да биде Претседател на Совет на општина Демир Хисар. Потоа се обрати до присутните заедно ќе работиме во интерес на општината, советот ќе биде поддршка за сите затоа и на оваа седница се поканети раководните лица на сите институции, волја има, енергија има заедно сите во координација со градоначалникот на општината Никола Најдовски вклучувајќи ги сите инстируции, младите и возрасните заедно да направиме многу повеќе. Нема поделба, се што ќе се случува ќе биде транспарентно, да бидеме успешен совет кој ќе служи за пример во иднина. Ќе направиме седниците да се снимаат, да се објавуваат, да се слуша гласот на граѓаните, да биде јавно, транспарентно. По излагањето на претседателот на советот Никола Дранговски, градоначалникот Никола Најдовски се обрати до советниците. Најпрво упати честитки до советниците за изборот, потоа во насока на излагањето на претседателот на советот додаде дека се што беше кажано ќе се реализира. Во оваа просторија никој не направил нешто што не е во интерес на граѓаните на општината, затоа ги повика сите советници заедно да се надминат партиските интереси да се стави интересот на општината и на граѓаните на прво место. Во почетокот предходниот состав на совет имаше проблеми и предходно

имало пракса да се става препрека, но сето тоа треба да заврши да се постави нова пракса каде ќе се работи се за доброто на општината и граѓаните. Секоја забелешка, секој проблем, недоразбирање може да се реши. Предходниот состав на совет покасно сите одлуки ги носеше едногласно. Се е транспарентно сите предлози, одлуки што ќе ги носите заедно е во интерес на сите, општина Демир Хисар е прва општина по транспарентност така и треба да остани. Уште еднаш му посака успешен мандат, додавајќи општинската администрација ви е на располагање, општината ви е отворена, нема потреба од расправии, сите различни мислења и препреки можат да се надминат со координација пред седниците нема потреба на седниците од непотребни расправии, заборавете ги политичките партии и политиките кои се на штета на сите, овде сите сме со иста цел се е во интерес на граѓаните на општината.

***ТОЧКА 5. Решение за избор на Комисија за мандатни прашања, избор и именување во состав од претседател и четворица членови***

Претседателот на советот Никола Дранговски се обрати до советниците да дадат предлози за членови во Комисија за мандатни прашања, избор и именување во состав од претседател и четворица членови. Советничката Валентина Ѓорѓиовска предложи Маја Велеска да биде претседател на комисијата. Други предлози немаше. Со 8 „за“ и 3 „воздржани“ предлогот беше прифатен. Советничката Клара Кузмановска предложи за членови во комисијата да бидат советниците Марија Христовска и Илче Ангелевски. За предлогот гласаа 8 „за“ и 3 „воздржани“. Советничката Марија Ѓоргиовска предложи за член во комисијата да биде Богдан Стојановски. За предлогот гласаа 11 „за“, советникот Гоце Јончевски предложи за член во комисијата да биде советничката Марија Ѓоргиовска. За предлогот гласаа 11 „за“. Претседателот на советот Никола Дранговски констатира Комисијата за мандатни прашања избори и именување е избрана во состав претседател Маја Велеска членови Марија Христовска, Илче Ангелевски, Богдан Стојановски и Марија Ѓоргиовска.

***ТОЧКА 6. Решение за овластување на членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови***

Претседателот на Советот Никола Дранговски објасни советниците учствуваат во постапката за склучување на бракови, поради тоа на гласање го стави решението за овластување на сите членови на Совет кои ќе учествуваат во постапката за склучување на бракови. Со 11 „за“ беше донесено решението.

***ТОЧКА . Предлози и прашања***

Советникот Гоце Јончевски праша за формирањето на комисиите. Градоначалникот Никола Најдовски објасни на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именување ќе се формираат сите комисии на наредните седници.

Претседателот на Советот Никола Дранговски констатира точките од Дневниот ред се исцрпени со тоа ја затвори конститутивната седница, а за наредна седница советниците ќе бидат известени.

Бр. 17-1099/2 Совет на Општина Демир Хисар
14.11.2025 година Претседател,
Демир Хисар Никола Дранговски